***Здравствена едукација, јуни  2014 година***

*Центарот за јавно здравје Скопје согласно кварталниот план за работата на отсекот за здравствено воспитание продолжува со здравствена едукација на населението на своето подрачје.*

*Во месец јуни во Центарот за јавно здравје Скопје во Одделението за социјална медицина е отворено и започна со работа Советувалиште за откажување од пушењето.*

*За таа цел, согласно заклучоците на Комитетот за Здравје и животна средина при Министерството за здравство, активностите започнаа со едукација на вработените: здравствени работници и соработници.*



*Центар за Јавно Здравје Скопје, јуни 2014 година*

*Во Советувалиштето за откажување од пушење, едукативните предавања се одржуваат  секој вторник и четврток од 13 до 15 часот.*

*Споменатите едукации  имаат за цел да ги запознаат вработените со Програмата за работата на Советувалиштето за откажување од пушењето.*

*Едукациите ги опфаќаат следните содржини:*

- *методи на работа со цел да се одреди модел на третман на корисникот односно зависникот од пушењето;*
- *групна и  индивидулна едукација -  советување;*
- *текот на процесот на откажување од пушењето користи т.н. 5А Стратегија,* ***Фагенстромов*** *тест за проценка на тутунска зависност,* ***Ross*** *тест - зошто пушиме,* ***Proshaska J.O, Di Clemente C.C*** *тест;*
- *податоци за пушењето во  светот и кај нас;*
- *придобивки од непушењето;*
- *штетни последици по здравјето од пушењето;*
- *симптоми на апстиненцијалната криза;*
- *процес на промена на однесувањето и*

- *крајната цел на корисниците - откажување од пушењето.*

 

*Центар за Јавно Здравје Скопје, јуни 2014 година*

*Во месец јуни 2014 година со здравствена едукација на подрачјето на Скопје беа опфатени и старите лица. За таа цел беше посетена Приватната установа за социјална заштита на стари лица ,,Жана'' во општина Бутел. При посетата беа одржани 2 предавања на 29 стари лица на следните теми:*

- *Унапредување на здравјето на старите лица*
- *Превенција од хронични незаразни заболувања*